Не се случило само она што не било во весниците

# ШТИПСКИ Глас

Штипски месечник

Број 141

Април-Мај 2024 г.

цена 20 денари,

Со Паце ГИЧЕВА, дипломирана медицинска сестра

## Каде има љубов има и живот



Quehenberger logistics

ЖИТ-ГО Маркети

AKTIVA

БОРОВ ДОЛ BOROV DOL

БУЧИМ

Со Душко ИВАНОВ, пратеник во Собранието на Македонија од ВМРО ДПМНЕ



## Борба за квалитетен животен стандард за сите во Македонија и општ фронт против корупцијата



## Новинарите од Источниот регион ги избраа најдобрите за 2023 година



## Приказна за гимназијалката Миа Митрева која врати изгубен паричник полн со пари

Коментар

## Зошто го правиме тоа?

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ШТИП

*Иван Бојаџиски*



# Зошто го правиме тоа?

## 1

Изборите беа и поминаа. Резултатите се познати, новата власт е конституирана, а познати се и очекувањата на народот. Останува времето да покаже што како судбина ќе ни донесе иднината во нашата Македонија, која многу странски аналитичари ја нарекуваат „најсиромашната држава во Европа“.

Добрата страна на овој дел од приказната е фактот дека ние живееме во постојана надеж дека „утре ќе биде подобро“, а надежта е таа која не одржува во добра кондиција во однос на животот кој го живееме.

Да се надеваме дека тоа што го сонуваме, да станеме нормална, просперитетна, социјално безбедна држава за сите и ќе се оствари

## 2

Она на кое сакам денес и тука да му дадам посебно поглавје зашто го сметам за исклучително важно, е одлуката на регионалниот актив на новинари „Исток“ да се продолжи со манифестацијата „Избор на најдоброто од Истокот“. Во тоа име 17 новинари од регионот деновиве се собраа на средба за да ја продолжат убавата традиција и по јубилеендесетти пат да го извршат изборот на најдоброто кое во 2023 година го имал регионот во повеќе значајни области како; здравство, стопанство, наука, спорт, култура, образование, екологија, животно дело, хуманост, општествена одговорност...

Овој избор воопшто не оди лесно. За секоја категорија новинарите доставуваат од три до пет предлози. И сите до еден се со добри образложенија, а маката новинарска е да се избере најдобриот меѓу најдобрите.

И во тоа се успева.

Имено, иако и ние новинарите сме припадници на една прилично суетна професија, па секој си влече на своја страна и за својот кандидат (кандидатот од неговата општина) на крајот резултатот е – избор на оној/она кое, во својата категорија, имало најдобри остварувања во тековната година. Всушност, во тоа е и поентата на самата манифестација, на самиот избор. Во историјата на десетгодишното постоење на оваа регионална манифестација која е од единствен ваков тип во нашата држава, новинарите доделија околу 150 признанија на стопански организации и стопанственици, здравствени институции и здравствени работници, хуманитарни организации и хумани поединци, општествено одговорни организации и поединци, научници кои работата на нашите универзитети, спортисти со врвни остварувања кои нацијата ја прават да биде горда на нивните резултати, институции од областа на културата и културни работници, екологисти кои водат сметка за животната средина, медиуми и новинари... Но, знам дека има и такви кои, кога ќе ги читаат овие редови, ќе го поставаат прашањето „а зошто го правите тоа, која му е целта“?

Едно вакво прашање може да биде на место и да се постави сосема легитимно. А одговорот е содржан во следново: оправдано или неоправдано ние станавме луѓе/народ кој доминантно, во нашата држава, гледа само црнила. За таквата слика прилично придонесуваат и медиумите кои, во ова тнр. „модерно медиумско време“ во трка по лајкови, гледаност, слушаност и читаност огромен приоритет им даваат на вестите кои порано, кога и медиумите имаа некоја нормалност и чувство на општествена одговорност, беа сместувани на претпоследните страници од весниците или електронските медиуми и беа објавувани во многу кратка, чисто информативна форма.

А токму медиумите се тие од кои „општиот народ“ црпи информации и носи судови за нашите состојби. А тие судови воошто не се розови. Кај нас никој и ништо не чини! Во нашата „страдалница“ сите кои имаат некаква власт, политичка, економска или било каква друга се арамии, неспособни, некадарни, упропастувачи на државата и иднината на народот.

Но, не ќе да е баш така. И токму поради тоа една од најдоговорните работи на новинарите и медиумите е да ги детектираат и доставуваат до јавноста убавите примери зад кои стојат поединци кои на државата и даваат многу повеќе отколку што државата им дава ним. Луѓе кои ја почитуваат посебната мисла на американскиот екс претседател Кенеди кој, кога се бричел и се гледал во огледало, сам на себе си го поставувал прашањето: „Е, мој Кенеди, прашање за денес е што ти можеш да направиш за државата, а не што државата може да направи за тебе“ (парафразирам). Па и ние, на овој наш микро регионален простор си имаме такви поединци кои заслужуваат некој да го валоризира нивното дело и истото да го награди барем со една скромна плаќета и тоа да го објави во медиумите за сите да знаат.

И ете, новинарите од регионот, иако не баш сите, го прават токму тоа. Ги бараат нашите светли точки зашто се свесни дека убавите примери можат да бидат поголема мотивација од оние другите за напредок и просперитет на државата.

Ете, затоа го правиме и ќе продолжиме да го правиме тоа.

## Со Паце ГИЧЕВА, дипломирана медицинска сестра

# Придонесот на медицинските сестри е од непроценливо значење во здравствениот систем

***♦ На изложбата посветена на легендарната прва македонка-медицинска сестра Славјанка Влахчева, дипломираната медицинска сестра Паце Гичева од Клиничка болница Штип имаше одлично излагање за значењето и улогата на медицинската сестра во нашиот здравствен систем. Темата е актуелна, па од Гичева побаравме за нашите читатели да каже нешто повеќе за тоа.***



Благодарам за можноста. Секоја држава има потреба од компетентна, едуцирана,мотивирана здравствена работна сила за унапредување на здравјето,а медицинските сестри играат клучна улога во тоа. Придонесот на медицинските сестри е од непроценливо значење во функционирањето на здравствениот систем,како и нивниот ангажман во секојдневната грижа и третман на пациентите,а тоа вклучува унапредување на здравјето,спречување на болести, грижа за болни и инвалидни лица и лица кои се на умирање. Докторите како носители на здравствената дејност ги поставуваат принципите за лекување на пациентите, но целокупната грижа и директен контакт со пациентите во најголем процент од денот е од страна на медицинската сестра/техничар,што укажува на фактот дека докторот без медицинската сестра/техничар не може да даде комплетен третман и само заедно како тим ќе постигнат резултат. Исто така би напоменала дека медицинските сестри завземаат активно учество во подигање на свеста кај населението за редовни превентивни здравствени прегледи, за рано откривање на малигни заболувања, кардиоваскуларни заболувања, дијабет, остеопороза и др.заболувања.

**Сето ова обликува една слика за медицинските сестри/техничари како двигатели на здравствените услуги?**

Да така е. Јас,веќе 24 години работам во Клиничка болница Штип. Моите почетоци беа во хируршка сала како медицинска сестра инструментарка.Таму работев две години, а останатите 22 години работам на одделот за Очни болести,повторно како инструментарка во операциона сала. Но, заради недостиг на медицински сестри/техничари работам и на оддел обавувајќи ноќни смени и дежурства. Која е мојата улога како инструментарка во операционата сала? Знаете кога ќе се спомене операција,прво на што помислуваат луѓето се докторите-хирурзи кои ја обавуваат операцијата.Но многу малку се знае за луѓето во операционата сала без кои работата на хирургот би била невозможна,а тоа се инструментарките. Од припрема на пациентот,припрема на стерилен инструментариум и се останато кое е неопходно за самата операција,па се до асистирање на хирургот. Ние сме обучени за посебен вид на работа и сме чувари на сите стерилни техники во операционата сала, а секако стерилноста е клучна за здравјето на пациентот.

**Постои ли професионална заклетва и за медицинските сестри?**

Секако дека постои.Тоа е заклетвата на Флоренс Најтингел и е многу слична со Хипократовата заклетва.Во таа заклетва секоја медицинска сестра/техничар свечено се обврзува пред господ дека својата професија ќе ја обавува морално,лојално,чисто и со љубов.

**„Пописот“ на работни задачи на една медицинска сестра е прилично голем, а голема е и одговорноста...**

Да, во право сте. Но знаете, кога си ја сакате професијата ништо не е тешко. Со добра организација,трпеливост, сочувство и секако љубов може да се постигне се. И секако најголема сатисфакција на крајот од денот е кога пациентите се добри и задоволни. Привлечноста во нашата професија е токму здравјето на пациентите.Тој предизвик и желба да се помогне на луѓето,да се направи добро дело е навистина прекрасно чувство.

**Здравствените установи се жалат на недосиг од доктори но и од меддинцски сестри...**

За жал да, овој тренд на намалување на медицинските сестри се забележува не само кај нас во Клиничка болница туку и во цела држава.Голем е одливот на медицинските сестри во странство,но и во приватниот сектор,па дури и голем е бројот и на откажување поради неповолните услови за работа.Некако медицинските сестри се третираат “здраво за готово” како невидлив и неисцрпен ресурс.Тоа мора да престане и од невидливи да се третираат како непроценливи за доброто на глобалното здравје. Како едно од решенијата за да не дојде до хроничен недостиг на медицински сестри е секако да се донесе Закон за сестринска дејност со кој јасно ќе се дефинира и етаблира нашата професија во здравсвениот систем и се разбира да бидеме повеќе вклучени во сите нивоа на организација на здравствениот систем.

**Важно е да се чуе и Вашето мислење во однос на идејата нашето Медицинско училиште да го смени името од „Јане Сандански“ во „Славјанка Влахчева“....**

Тоа е мое мислење, но мислам дека повеќето нашите сограѓани би ја подржале оваа иницијатива.Славјанка Влахчева,родена штипјанка,прва образована медицинска сестра и една од нашите пет великанки кои имале голем придонес во развојот на сестринството. Навистина на медицинското училиште многу повеќе му прилега да го носи нејзиното име.

**Кога повторно би се родиле би ја избрале истата професија?**

Апсолутно! Никаква ситуација не може да ми ја промени љубовта кон онаа што го работам. Јас живам со мотото: „Каде има љубов има и живот“.

**Со Душко ИВАНОВ, пратеник во Собранието на Македонија од ВМРО ДПМНЕ**

# Борба за квалитетен животен стандард за сите во Македонија и општ фронт против корупцијата



Душко ИВАНОВ

На изборите за нов состав на македонскиот парламент Штип доби четворица пратеници. Тројца од нив се старо/нови: Никола Мицевски (ВМРО ДПМНЕ), Благој Бочварски (СДСМ) кој беше пратеник па стана министер за транспорт и врски и Борислав Крмов од Левица. Оваа тројка веќе има парламентарно искуство, а ним, после овие избори, им се придружи Душко Иванов од ВМРО ДПМНЕ кој во високата македонска политика стартува како пратеник од власта. Со Мицевски и Бочварски имавме интервјуа во претходните два броја, а во овој број на Штипски Глас интервју правиме со Душко Иванов.

**Г-дин Иванов, кога ново лице од нашата заедница ќе се појави на сцената во високата државна политика, јавноста сака да знае се за таа личност. Оттука, кој е Душко Иванов?**

-Му благодарам на Штипски Глас за можноста која ми ја давате. Роден сум во Штип во 1976 година, дипломиран правник вработен во Агенцијата за електронски комуникации од нејзиното формирање од 2005 година, на позиција Соработник за решавање на спорови помеѓу крајни корисници и оператори во Секторот за заштита на правата на крајните корисници. Претходно работно искуство стекнав во Основен суд Штип во извршните одделениа во судот за прекршоци и граѓанскиот суд од 1998 – 2002 година, а од 2002 до 2005 година во Управата за телекомуникации при Министерството за транспор и врски на Р. Македонија. Живеам во семејната куќа во Ново Село во Штип, сопруг и татко на две деца, сопругата Оливера е здравствен работник, вработена во ЈЗУ Здравствен дом “Панче Караѓозов” – Штип, на работно место стоматолошка сестра во Казнено поправен дом – Штип. Ќерката Вероника е родена 2004 година, студент во прва година на ФИНКИ при Универзитетот “ Св.Кирил и Методиј” во Скопје, а синот Методиј е роден 2009 година, 9 одделение ООУ “Ванчо Прќе” во Штип.

Член на ВМРО-ДПМНЕ сум од 1992 година. Започнав како член на Унијата на млади сили во МК Ново Село при ОК Штип, од зачленувањето до денес активен член во партијата, преку членството во УМС, Претседател на УМС во МК Ново Село, Претседател на Месен комитет Ново Село, член на три Општински комитети при Општинскиот комитет во Штип, Потпретседател на ОК Штип, во овој момент сум Претседател на ОК Штип и Советник во Советот на Општина Штип од 2021 година, а на последните Парламентарни избори на 8 мај 2024 година, на непосредни избори сум избран за пратеник во Собранието на Р. Македонија како дел од изборната листа на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата Твоја Македонија во изборната единица број 3.

**Вашиот политички соборец, пратеникот Никола Мицевски пред изборите, во интервју за овој весник рече дека народот ќе биде сведок на историска победа на ВМРО ДПМНЕ на изборите кои беа неодамна. Мислам дека во тие релации се движеа и Вашите предвидувања, оттука на што го базиравте вашиот голем оптимизам?**

После локалните избори во 2021 година и промената на власта на локално ниво во 42 Општини во Р. Македонија, избори на кои народот ја покажа желбата за промена на власта на локално ниво и гласаше за нова и подобра иднина поддржувајќи ја програмата и кандидатите за Градоначалници и членови за советите на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата за Обнова на Македонија, практикувањето на власта на локално ниво од страна на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата заедно во коалиција со граѓаните, период во кој барањата на граѓаните за подобрување на нивното секојдневие се обврска на институциите Градоначалник и Советите на Општините во рамките на нивните можности, притоа дополнето со нереализација на ветеното од страна на владеачката гарнитура и практикување на власт од страна на СДСМ и ДУИ проследено со чист полулизам. Имавме уназадување наместо повисок животен стандард на граѓаните, извештаи на релавантни европски институции за висок индекс на сиромаштија и мизерија во Македонија, висок степен на корупција, доверба од граѓаните во правосудниот систем на историски најниско ниво до сега, неправда во сите сфери во општественото живеење, ерозиран систем итн., беа доволен фактор нашите предвидувања да бидат во правец дека на претстојните двојни избори во Р.Македонија ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата ќе оствари историска победа од позиција на опозиција од воведување на плурализмот во независна Македонија.

**Во Советот на Општина Штип бевте координатор на советничката група на Вашата партиа, и од сите советници на Вашата советничка група Вас најчесто Ве гледавме на говорницата во „битка“ за Штип со политичките ривали. Мислите ли дека добро си ја остваривте вашата политичка задача...**

Составот на овој совет на Општина Штип, избран непосредно од граѓаните на последните локални избори поседува способни персонални решенија, кои со своето досегашно искуство и професионален ангажман во општеството и областите во кои што работат, овие 30 месеци успешно одговараат на задачата која ја имаат во Советот на Општина Штип, тоа го укажав во претходното интервју за Вашиот весник, а сега после 30 месеци практикување на локалната власт се покажа дека сум бил во право на задоволство на сите наши сограѓани.

Чесениот пристап и одговорност при донесување на одлуките на мнозинството во овој состав и секој советник поединечно, секако дека е една од причините за “препораката’ за пратеничката листа во изборната единица број 3, секако како координатор на советничката група која е мнозинство во советот, граѓаните кои посредно ги претставуваме во Советот очекуваат квалитетна дебата, квалитетни предлози, реализација на предизборната програма и одговорност за дадената доверба и тоа треба да е работа на секој непосредно избран или именуван претставник на граѓаните во секоја институција.

***Борбата за квалитетен животен стандард, фронтот против корупцијата, функционирањето на институциите според закон што ќе овозможи функционален систем за граѓаните, еднакви права и слободите на сите граѓани и заштитата на македонските национални интереси преку нова национална стратегија што мора да обединува, се основните постулати на кои се базира предизборната програма и наведение 1198 проекти.***

Сепак мислам дека “препораката” како што велите Вие за пратеничката листа во изборната единица број 3, дојде од самото членство на партијата и на граѓаните во Штип, анкетите кои беа спроведени во периодот на неколку месеци пред изборите во Штип од страна на партиските тела на ВМРО-ДПМНЕ и на релевантни институти во Македонија. Беа направени неколку анкети меѓу граѓаните за рејтинзите на предложените кандидати за пратеници, претходно како што реков предложени од страна на Општинскиот комитет на ВМРО-ДПМНЕ Штип во проширен состав, врз основа на кои се направија потребните анализи и се донесе кончна одлука од страна на телата во партијата.

**Политичките аналитичари ќе речат дека полесно е да се дојде на власт отколку таа да се сочува. Вашата партија даде големи ветувања за напредок во сите сфери од животот во Македонија, колкава е надежта тие ветувања да бидат исполнети?**

ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата „Твоја Македонија“ на овие избори излезе со програма наречена „Платформа 1198“, или програма која содржи 1198 проекти за подобрување на состојбите во Македонија во сите сфери на живеење. Програмата е производ на барањата на граѓаните и истата произлезе од проектот “Ова е Македонија за сите”, поточно беа посетени сите населени места во Македонија од тимови на ВМРО-ДПМНЕ на една година пред изборите, беа нотирани барањата на граѓаните и потоа се направи победничка предизборна програма, посветена на развојот на Македонија, на квалитетниот живот на сите граѓани, а особено на враќањето на луѓето на прво место.

Внимателно, многу време тимови на партијата




работеа на програмата и истата се потпира на еден модерен и прецизен пристап кон управување на ресурсите со кои располага Македонија и несомнено тоа ќе создаде услови за поквалитетен живот и динамичен економски развој, што е крајна цел на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата во мандатите кога ќе ја предводи владата на Р. Македонија.

Надежта во програмата ја препознаа граѓаните и сум уверен дека со чесен и одговорен пристап при практикувањето на власта програмата ќе биде реализирана за што всушност ние се обврзавме пред граѓаните, а дека ВМРО-ДПМНЕ тоа што го ветува го реали- зира, сведочиме сите за претходен период во Македонија кога фокусот беше ставен на реалните проблеми на граѓаните и огромен процент од ветените проекти се реализираа во интерес на граѓаните и поради кои се направи значително подобрување во македонското општество, но за жал не се продолжи со динамика на подобрување на состојбите и имаме состојба на ненормално функционирање на уставниот и политичкиот систем, редот и поредокот во земјата, правдата и еднаквите права за сите.

**Според Вас што е доминантно што треба да се сработи во Парламентот како прво, односно каде Македонија ќе се движи под водството на Вашата партија?**

Неспорен е фактот дека на двојните избори ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата доби огромна поддршка од граѓаните, истовремно огромната поддршка значи и огромна одговорност и реализација на ветените проекти од Платформата 1198. Сведоци сме сите дека по-

стизборно во јавните настапи на Престедателот на Р. Македонија Проф. д-р Гордана Силјановска Давкова и на идниот премиер на Р. Македонија Проф. д-р Христијан Мицкоски, има еден сероизен пристап без еуфорија од историскиот изборен резултат и тоа дава доверба на сите граѓани дека фокусот за решавање на реалните проблеми со кој се соочуваме сите ќе биде приоритет во наредниот период и гарантира дека мора да почне да функционира целиот систем во нашата Македонија.

Борбата за квалитетен животен стандард, фронтот против корупцијата, функционирањето на институциите според закон што ќе овозможи функционален систем за граѓаните, еднакви права и слободите на сите граѓани и заштитата на македонските национални интереси преку нова национална стратегија што мора да обединува, се основните постулати на кои се базира предизборната програма и наведение 1198 проекти во истата, следствено на тоа сметам дека тое е насоката и тоа е намерата на идната Влада и составот на новиот Парламент по која треба да се движи Македонија, а за реализација на наведеното се потребни храбри и мудри одлуки во законодавната и извршната власт.

**Штипјани, а и луѓето од регионот ќе сакаат резултати веднаш и сега, посебно кога станува збор за животниот стандард на нивните семејства. Може ли таа желба за брзи резултати да биде некој вид кочница која ќе ве лимитира во напорите уште на стартот да испорачате резултати?**

Не случајно во предизборната програма борбата за квалитетен животен стандард на граѓаните го зазема првото место. Се обврзавме на создавање предвидливо даночно и регулаторно опкружување без донесување на ад хок решенија и кратки рокови за почеток на нивната примена, тоа мора да биде инклузивен процес на регулаторни промени во сите области кои се значајни за функционирањето на бизнисот и треба да придонесе за создавање на значајни предуслови за водење на бизнис во Македонија.

Стабилните јавни финасии се предуслов за нов циклус на економски раст, конкуретниот приватен сектор, поддршката за иновациите и ИКТ секторот, создавањето на продуктивни и високоплатени работни места, националниот план за демографија, енергетски сектор кој ќе биде во служба на Македонија, храната и земјоделството за кој се предвидени 800 милони евра, развиена и функционална инфраструктура, развивање на локалните самоуправи со реалокација на 250 милиони евра годишно од централниот буџет за сите Општини итн., е визијата на која ќе работиме во наредниот период со чесен и одговорен пристап при управување со државните ресурси и сметаме дека сето тоа ќе создаде услови за поквалитетен животен стандарт на задоволство на сите граѓани во Македонија.

**Како Вие и Мицевски како пратеници од нашиот град од редот на владеачката партија ќе придонесете за развојот на Штип...**




Законодавниот дом е претставнички орган на граѓаните и носител на законодавната власт во Македонија, место каде ги претставуваме граѓаните од изборните единици и општините од каде доаѓаме. Согласно надлежностите имаме обврска за транспарентност при работата, отвореност кон граѓаните и задоволување на нивните барања согласно можностите. Можностите се всушност секогаш проблемот, што ние во овој мандат се обврзавме и треба да ги подобриме и тоа во интерес на сите граѓани во Македонија. Погоре го споменав проектот од програмата за “развиени локални самоуправи”, кој предвидува 250 милиони евра годишно или 1 милијарда евра реалокација на финансиски средства од националниот буџет за четири годишен мандат, проект кој е приоритет на ВМРО-ДПМНЕ и коалицијата. Тие финансиски средства ќе бидат инвестирани во капитални проекти во сите општини, а тоа е важно за развојот за секоја општина во Македонија, од причина што досега не се внимаваше за рамномерен економски развој во планските региони. Затоа сметам дека ќе имаме можност и ќе бидат инвестирани околку 6 милиони евра годишно, или 24 милиони евра за 4 години во капитални проекти во сообраќајната, комуналната и образовната инфраструктура во нашиот Штип, што ќе придонесе многу за развојот на Општина Штип, на задоволство на сите нас.

***За четири години Во Штип ќе бидат инвестирани вкупно 24 милиони евра, по 4 милиони евра годишно, во капитални проекти во сообраќајната, комуналната и образовната инфраструктура, што ќе придонесе многу за развојот на Општина Штип, на задоволство на сите нас.***

На крај ќе ми дозволите да изразам благодарност до Вас за можноста, да изразам огромна благодарност на граѓаните за довербата и големата поддршка што ја добивме на изборите, се обврзуваме на чесност и одговороност во работата и тоа е „модерниот патриотизам што обединува”. Чесноста, одговорноста и правичноста оваа генерација во идните мандати мора да ги направи видливи за граѓаните, граѓаните мора да почуствуваат дека тие што ги застапуваат во законодавната и извршната власт ги извршуваат своите работни обврски во интерес на тие од кои се избрани и се само во одреден временски период ставени на услуга на граѓаните за подобрување на условите за живот во Македонија.

# Штип и оддаде почит на Славјанка Влахчева, првата медицинска сестра во Македонија




Грандиозното хумано дело на Славјанка Влахчева (1900-1988), родена штипјанка, прва медицинска сестра во Македонија, во организација на штипскиот Музеј беше претставено во музејот преку изложба низ фотографии, документи и новински написи. Куратор на изложбата е историчарката Емилија Коруновска.



**Ученичките од Медицинското училиште се запознаа со делото на Влахчева**

За животот и делото на Влахчева говореа д-р Митко Штерјов, директор на Музејот и историчарката Коруновска, а за сестринството и неговото значење во здравствениот систем говореше Паце Гичева, медицинска сестра во Клиничка болница Штип, годинашен добитник на државната награда за најхумана сестра во Македонија.

Изложбата беше под наслов „Македонско девојче во бело“, како што Славјанка Влахчева ја нарекувале во годините на нејзиниот живот и посветена работа на здравјето на луѓето.

На отворањето на изложбата присуствуваа голем број граѓани, меѓу кои и членови на семејството на Славјанка Влахчева, кои го донираа музејскиот материјал поврзан со нејзиниот живот и дело, претставници на здружението „За нас“ на медицински сестри на Македонија, медицински работници и ученици од Средното медицинско училиште во Штип.



**Медицинската сестра Паце Гичева**

На овој настан директорот на Музејот Митко Штерјов ја реафирмира идејата средното медицинско училиште да се преименува од „Јане Сандански“ во „Славјанка Влахчева“.

Инаку, Слвјанка Влахчева е добитник на три големи светски признанија, меѓу нив и на најголемото признание кое го доделува светската организација на Црвениот Крст, а тоа е медалот „Флоренс Најтингел“.



**Штерјов и Коруновска**

# Новинарите од Источниот регион ги избраа најдобрите за 2023 година

На состанок одржан во хотелот „Мајбери“ во Свети Николе, дваесеттина новинари од источниот регион, членови на регионалниот актив на новинари „Исток“, ги избраа најдобрите во повеќе категории кои со својата работа, успешни резултати и посветеност придонеле за развојот и угледот на регионот во нашата држава а дел од нив и во странство. Ова беше десетти, јубилеен избор.

Добитници на признанијата по категории се:

**Општествена одговорност**: Доброволно противпожарно друштво Кочани, формирано 2021 година, има 50 членови, меѓу нив и жени, досега учествувале во гаснење на 104 пожари, имале 6 еколошки акции, организирало 17 обуки и седум крводарителски акции. Минатата година успешно се справиле со поголем број предизвици заштитувајќи животи и имот на граѓаните и заедницата.



**Од состанокот на новинарите во хотелот „М;ајбери“-Св.Николе**

**Стопанство:** Адиент Сеатинг-Штип, компанија за производство на навлаки за автомобилски седишта која има 1.400 вработени. Минатата година Адиент го доби признанието „Top Employer“, односно „Врвен работодавач“ највисокото европско признание за остварувања на полето на благосостојбата на вработените.

**Здравство:** ПЗУ „Прим.д-р Самарџиски“-Штип. Оваа приватна здравствена установа минатата година одбележа 25 години постоење, успешна работа и развој, а во моментот работи со четири тима матични лекари, интервенции во областа на интерната медицина со модерни и ефективни медицински апарати, а тука е и најсовремената лабораторија.

**Образование** – Меѓународен Славјански универзитет кој годинава одбележува 20 години постоење и успешна работа во нашето високо образование. Има два кампуса – во Свети Николе и во Битола, денес нуди 22 студиски програми на додипломски и постдипломски студии. Над 3.500 студенти на Славјански се имаат стекнато со меѓународно признание дипломи, а тука студираат и млади од Хрватска, Бугарија, Индија, Грција, Србија, Црна Гора, Албанија, Турција...

**Наука** – Проф. Д-р Орце Симов, доктор по информатички науки, роден во М.Каменица, еден е од првите во Македонија кој на млади години покажувал неверојатен афинитет кон овие науки, преку курсеви оспособил над 500 млади од Виница, Делчево, Каменица и Кочани, работи како професор на Славјански и е актуелен претседател на ИКТ комората и потпретседател на Сојузот на стопанските комори на Македонија каде е еден од основачите.

**Спорт**: Кам баскет, женски коѓаркарски клуб од М.Каменица кој стана првак на Македонија во минатата година

**Планинарски спортови**: Чупино Траил – Виница, креација на здружението за планински спортови „Чупино“, организатор на трки на теренот на планината Плачковица од с. Блатец до врвот Чупино со висинска разлика од 1.000 метри, а на овие трки учество земаат натпреварувачи од 15 држави.

**Спортски амбасадор**: Бојан Миовски, фудбалер.

**Здружение на граѓани:**Планинарски спортски клуб „Голак“-Делчево и Спортско планинарско друштво Пробиштип. .

**Медиуми**: Радио Кочани, едно од само двете радија во регионот кои функционираат над 60 години, а остана да зрачи во етерот благодарени на упорноста и посветеност на двајца новинари од Кочани кои му го продолжија животот.

**Странска амбасада**: амбасадата на Јапонија, која во текот на 2023 година донираше во здравствена и друга опрема на општини од регионот.

**Животно дело**: Славчо Сирачевски (постхумно) за неговата посветеност во развојот на современ туризам во Малешевскиот крај.

**Хуманитарец на годината**: Миле Велков од с. Тработивиште, делчевско, за повеќе хумани работи, поставување сообраќајни знаци во селото, уредување на црковниот двор и правење трпезарија, хортикултурно уредување на селото и сето со свој труд и свои средства и поддршка од хумани граѓани каде тој се јавува како организатор.

Новинарите не се договорија околу тоа кој треба да го добие признанието за посебни остварувања во културата, па изборот ќе биде извршен дополнително.

Свеченото доделување на признанијата ќе се одрѓи кон крајот на месец јуни во реновираниот хотел „Мајбери* (поранешно Овче Поле) во Свети Николе.

# Пред 40 години ја „прегазија“ цела Југославија, а на 9 мај, на јубилејниот ден...

Група штипски планинари од планинарското друштво „Лисец“ на 9 мај годинава, се собраа во Штип за да го одбележат својот најголем подвиг, а тоа е моментот кога пред 40 години ја „прегазија“ (како што во шега тие велат) тогашна Југославија. Нивните сеќавања беа емотивни, а за нивниот неверојатен подвиг, за Штипски Глас раскажува најпознатиот штипски планинар Љупчо Георгиевски – Џими.

-На 9 мај годинава се собравме планинарите кои пред 40 години (1984 година) на овој ден тргнавме на една голема акција - пешки да ја поминеме цела Југославија. Секако дека тоа е јубилеј кој заслужува да се одбележи и пошироко, ама сакаме за таа средба да оставиме трага во единствениот печатен медиум во градот, а тоа е Штипски Весник, вели Љупчо Георгиевски-Џими.



Пред четири децении пред споменикот на легендарната Сутјеска

Џими, како и другите живи учесници од групата, и денес живот се сеќаваат на големиот подвиг.

-Беше тоа патување како во песната: една група одеше од Вардар до Триглав а другата од Ѓердап до Јадран (Сплит), за на 25 мај да се сретнеме во легендарното Јајце. Првата група ја сочинуваа седум планинари: професорот Душко Цацков, Љупчо Георгиевски - Џими (водич на акцијата), докторот Трајче Станчев, новинарот Павле Ѓоргиев, Љубе Данев, Ангел Бораниски и Вежди Рашидов, а втората: Стојка Ефремова-Кет, Дане Чекеров, Трајче Алексов и Душко Андонов. Свеченото испраќање беше на 9 мај 1984 кога на долгиот пат тргнавме од Исарот, вели Георгиевски-Џими.

Тие за Триглав тргнале од мотелот во с. Вратница за пеш да поминат 1.140 километри.

-Накратко, маршрутата водеше преку Шара кај Брезовица кон Иванград, преку планината Бјеласица до Мојковац, потоа по кањонот на Тара до Жабљак,



Пред 40 години во Куќата на Дрвар во која се криел Тито

преку Дурмитор и Пивска планина до Мратиње и Тјентиште, ги минуваме планините Озрен и Зеленгора, кон Мостар, Јабланица и Прозор и на 25 Мај стигнавме во Јајце. Од таму се упатуваме кон Дрвар, Церовачка пештера до Госпиќ, па преку планината Велебит до морето и покрај магистралата до Сењ, Цриквеница, Ријека, планината Платак, па Илирска Бистрица, Пивка, Постојна, Бохињ, Јесенице до Аљажев дом под Триглав каде стигнавме на 10 Јуни. Не се качивме на Триглав поради лошото време и топењето на снегот, но акцијата заврши успешно и овој подвиг ќе остане во сеќавање, зашто за 31 ден да се поминат 1140 км, по лошо време, без никаква логистика, со скромна опрема и без мобилни телефони во тоа време беше неверојатен подвиг, а ние денес, онака на шега ќе си речеме: „поголема глупост“ во животот не сме направи- ле, коментира Џими.

**Кога се собравме за прославата на 40 годишнината од оваа кација се договоривме во август месец годинава да ги посетиме стартните и крајните места од подвигот кој го направивме пред 40 години, иако учесниците денес имаат помеѓу 70 и 76 години. Крајна цел ќе ни биде Триглав, вели Џими.**

Во меѓувреме, некои од учесниците починаа: д-р Душко Цацков (негова идеја беше оваа акција), новинарот Павле Ѓоргиев, Љубе Данев и Душко Андонов. Починатите нека почиваат во мир и нека е вечен споменот за нив, а останатите ќе се собереме во погодна прилика да си се потсетиме на сите убави моменти, посочува Џими и вели дека во тие времиња така се сакала татковината...

# Бугарија со ново ветување: граничниот премин Клепало ќе биде отворен во 2029 година



Долго најавуваното отворање на граничниот премин Клепало на македонско-бугарската граница кај Берово ќе значи многу за флуктуацијата на луѓето од двете земји и за развојот на пограничниот и транзитниот туризам во тој регион. За илустрација, за да стигнат до Струмјани жителите на Берово треба да поминат 130 километри преку граничниот премин Делчево. А преку Клепало до блискиот град Сандански би имале 45 километри или 66 километри до преминот Кулата на бугарско-грчката граница.

Од македонска страна активностите за отворање на граничниот премин Клепало кај Берово датираат од 1992 година, а веќе следната година беа поставени 4 кабини и гранична рампа, но и изградена административна зграда за полициските и царински службеници. Вработените кои во тој почетен период биле ангажирани да го чуваат објектот сега се во пензија, а 'рѓосаната рампа со години е обрасната во трева. Административната зграда, која одамна никој не ја чува, е руинирана и претворена зграда „на духови".

Патот до Клепало е изграден и асфалтиран од македонска, но не и од бугарска страна. Најава дека нештата ќе мрднат од мртва точка месецов стигнаа од Благоевград, чија Регионална администрација заедно со Царинската управа на Северна Македонија се корисници на средствата од Програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија – Северна Македонија 2021-2027, наменети токму за изградба на овој граничен премин. „Започнува реализацијата на најголемиот проект од програмата Бугарија-Северна Македонија", објави бугарското Министерство за регионален развој на својата веб страница.

Инвестицијата вредна повеќе од 11 милиони евра е опишана како најголемиот проект на ова министерство, во рамки на програмите за прекугранична соработка. „По четврт век почнуваме со реализација на овој долгоочекуван проект", најави заменик-министерката за регионален развој Ангелина Бонева.

„Се надевам дека проектот во сите фази ќе биде придружен со стручност и професионалност, како и досега, и да не дозволуваме емоциите да го успорат. За мене тоа е мост кој ќе станува сè понеопходен и важен за да ги поврзе локалните заедници од двете страни на границата на уште еден начин. Инвестицијата е неповратна, и за неа имаме целосно обезбедено финансирање – како европско, така и национално. Неслучајно е избран за стратешки проект од нашата програма", посочува Бонева.

Инвестицијата е поделена во две фази. Во првата – проценета да заврши во 2026 година, ќе се спроведат подготвителни активности поврзани со планирање, проектирање и избор на изведувачи. Во втората фаза – од 2027 до 2029 година, ќе се спроведуваат градежни активности на инфраструктурата на граничниот комплекс. Тогаш на бугарска страна ќе се изградат неколку згради и ќе се доврши патот до граничниот премин, а на македонската страна од границата ќе се модернизираат постоечките конструкции и објекти.

***Се очекува бројот на луѓе кои ја минуваат границата меѓу Бугарија и Република Северна Македонија да се зголеми од 657.000 на 722.700 годишно, по пуштањето во употреба на новиот граничен премин", проценува бугарското Министерство за регионален развој.***

„Инвестицијата е прогласена за 'национален објект' за да се обезбеди нејзино побрзо спроведување. На овој начин се применуваат поедноставени административни процедури. Се очекува бројот на луѓе кои ја минуваат границата меѓу Бугарија и Република Северна Македонија да се зголеми од 657.000 на 722.700 луѓе годишно, по пуштањето во употреба на новиот граничен премин", проценува бугарското Министерство за регионален развој.

Поминувањето преку овој граничен пункт освен што ќе заштеди растојание и време, ќе значи олеснување на сообраќајот на луѓе и стоки меѓу двете земји, но и ќе го отклучи економскиот потенцијал во Малешевскиот крај. Поради убавите шуми и близината на Беровско Езеро, подрачјето е привлечно за туристи, а истото веќе располага со понуда од сместувачки капацитети – околу 400 легла кои се искористени во сите сезони и може да помогнат за развој на транзитен туризам.

# Приказна за гимназијалката Миа Митрева која врати изгубен паричник полн со пари

Предновогодишен концерт на нашето музичко училиште. Салата се полни, а едно девојче со паричник во рака со црвена боја оди низ салата од еден до друг посетител и прашува нешто. По некоја минута доаѓа до мене, ми покажува лична карта на средовечна жена прашувајќи ме дали случајно ја познавам. Веднаш и реков дека ја знам, таа е моја пријателка, и за да ја уверам во тоа на мобилен ја побарав жената со изгубен паричник. Пријателката ми се јави, ја прашав каде и е паричникот, таа мислеше дека и е дома, но излезе дека не е така. Потоа на синокосото девојче и го дадов мобилниот и тие имаа краток разговор. Откако се увери дека се знаеме со жената која си го изгубила паричникот во кој имаше прилична сума на пари, кредитни картички и лични документи, ми го предаде за да и го вратам на пријателката.

Во таа ситуација заборавив да и го земам бројот на мобилниот на хуманата девојка. Тоа посебно ми беше важно бидејќи пријателката која си го имаше изгубено паричникот, откако и го вратив, ми даде извесна сума на пари да и ги дадам на девојчето. Но, ми треба четири месеци за конечно да го пронајдам и да си ја завршам мисијата, поради што е и овој задоцент текст за една млада, одговорна и хумна личност.

Девојчето има 18 години, учи трета година во штипската Гимназија општ смер, а се вика Миа Митрева. Рече дека живее во населбата Дузлак, има родители и помал брат. За себе вели дека е добра ученичка но и долгогодишен активист во Извидничкиот одред Еквинокс.

-Моите родители уште од мали нозе мене и мојот помал брат не учеа пред се и над се да биде добри луѓе. Бараа од нас да бидеме чесни, хумани и одговорни личности. Јас и порано сум наоѓала изгубени предмети и сум ги враќала на сопствениците, тоа некако како да ми е судбина, вели Миа за Штипски Глас.

Покрај тоа што е посветена на учењето, Миа е и голем активист како член на извидничкиот одред „Еквинокс“ во кој, според неа, членуваат 80-90 лица.

-Сакам корисно да го минувам слободното време. Извидник сум 12 години, од 6 години се „заразив“ со извидништвото во кое се градат цврсти пријателства и преку кое се соединуваме со природата. Во тоа мое второ семејство учиме да ги цениме луѓето по тоа што се, а не по тоа што имаат од материјално богатство. Одиме во природа, учиме како да се ориентираме во неа, правиме еколошки акции, садиме дрвца, пошумуваме, одиме на државни натпревари и таму стекнуваме нови пријателства, Им порачувам на младите малку да се тргнат од новите технологии, од лаптопите и мобилните телефони, зашто природата е драгоцена учителка, од неа може да се научи многу, таа може да ти ги подари најубавите дарови, а ти можеш на неа да и се оддолжиш со нејзино чување, нагласува Миа Митрева.




Нејзино животно мото е „Се што е лошо на крајот ќе се среди“. И објаснува дека по природа е голем оптимист, верува во добрината во било која форма да се изразува таа, тврди дека ако правиш добри дела природата тоа повеќекратно ќе ти го врати.

***Синокосо девојче шеташе низ големата сала во Домот на култура „Ацо Шопов“ држејќи паричник в рака. Тоа девојче покажуваше лична карта и прашуваше дали некој ја познава жена-та чија слика беше на документот, а која си го беше изгубила паричникот. Упорноста на девојчето по име и презиме Миа Митрева беше фасцинантна...***

-Со паричникот кој го вратив на сопственичката не направив бог знае како големо дело, јас само си го исполнив моето животно мото дека човекот е створен за да биде добар, да помогне во ситуации кога неговата помош некому е потребна, да биде хуман, чесен и одговорен. Јас така постапив, а сум убедена дека тка ќе постапеа и многу мои другарки и пријателки кои ги познавам како чесни и чисти души, рече Миа.

Жената која го беше изгубила паричникот ја изразува својата голема благодарност кон хуманото девојче и вели дека сака да се сретн со него. Веривме дека ќе им организираме таква средба.

**(и.б.)**

# Акцијашите од „Патот на младоста“ волонтерски најпосветени на својата општина, регион и држава


**Никола Кангалов**

Штип има право на своја гордост кога е во прашање акцијаштвото по принцип на волонтерство. Благодарение на Здружението на акцијаши -волонтери „Пат на младоста“ кое постои пет години и за ова време има организирано на стотици доброволни акции од значење за локалната, регионалната и националната наша заедница.

-Здружението го формиравме на иницијатива на повеќе поранешни акцијаши од СМРА‘‘ Плачковица‘‘,како и акцијаши од штипските бригади кои учествуваа на сојузни работни акции низ поранешна Југославија во седумдесетите и до крајот на осумдесетите години од 20 век.Тоа беше резултат на повеќегодишно одбележување на значајни датуми од акцијашкиот живот, а се со цел преку евоцирање на спомени и практични активности да го пренесеме духот на акцијаштвото на новите млади генерации. Нашето мото е „Позитивното да не се заборави“, вели **Никола Кангалов**, кој го „тера“ вториот мандат како претседател на ова здружение.

Здружението денес има 110 членови од кои 20 се младинци, а активно се ангажираат околу 40 члена. Највозрасниот има 92 години додека најмалиот учи во осмолетка .

-Секоја година донесуваме Годишна програма и Акционен план во кој се наведени планираните активности. Годинава активностите ги започнавме во февруари месец со традиционално садење на садници во кругот на спортската сала на УГД , заедно со студентите од Земјоделски факултет. На 22 март ветераните посадија 40 садници покрај патеката зад Исарот, заедно со акцијаши од Куманово, а младинците делеа флаери на Исарот (на Четрсе). На 29 март група на акцијаши (ветерани и млади) работеа на уредување на просторот околу спомен обележјето на Сојузната работна акција “Плачковица‘‘ кое се наога во Карбинци. На 31 март, во чест на 1 ви април (Ден на акцијаштвото) на дел од младинците кои во предходната година учествуваа во повеќе активности им се доделија благодарници.Тоа беше организирано на Спомен обележието на паднатите борци во НОБ на Исарот. Во април започна и реализацијата на проектот за ревитализација на значајни спомен обележја во градот, а ние со помош од невладиниот сектор, ЛС, општествено одговорни приватни компании и поединци го реализиравме. Упатуваме јавна благодарност до сите кои ни дадоа морална или материјална помош да го доведе во ред споменикот „Работникот“ кај „Македонка“, дело на скулптурот и светец Мијалче Парнаџиев, а тоа се Атриум дизјан, Актива доо, градоначалникот Иван Јорданов, ЈП „Стипион“ и ЈП „Исар“, коментира Кангалов.

Афирмација на традициите вредностите на доброволното ангажирање, залагање за развој, унапредување на волонтерството како начин на општествено ангажирање, презентација пред младите од училиштата, учество во организирање на домашни и меѓународни волонтерски активности за заштита на животната средина и хуманитарни акции се вредностите на кои најмногу се ангажираат акцијашите од „Патото на младоста“.

***Акцијашите-волонтери вршат работи од корист за сите нас, но нив финансиски никој не ги подржува, цело време се финансираат од сопствени средства од членарината. Тоа значи дека ем вршат општествено корисна работа, ем за тоа плаќаат од свој џеб! Ним им помагаат само поранешни акцијаши и тоа со храна и опрема.***

-Имаме значајна соработка со вакви здруженија од Македонија и од државите настанати од поранешна Југославија. Од Охрид, Битола, Скопје, Куманово, Велес, Крива Паланка, Гостивар. Соработуваме со здруженија од Србија, Црна Гора Словенија, БИХ....Во 2019 година четворица наши младинци учествуваа на акцијата во Нови Пазар, која траеше една недела, а овие денови отпочнаа подготовките за учество на 10 акцијаши (8 млади и 2 ветерани) на истата акција во склоп на македонската бригада. Околу 200 акцијаши од сите држави на поранешна Југославија заедно учествувавме во акција во Скопје по повод 60 години од земјотресот. Беше тоа минатата година. Од Штип учествуваа 8 младинци и 2 ветерани. Како македонска екипа, четири дена учествувавме и во хуманитарна акција во Словенија во санирање на поплавените подрачја. Учествуваме и на повеќе средби во БИХ и Србија, посочува Никола Кангалов.

Акцијашите-волонтери за сега се финансираат од сопствени средства од членарината. Тоа знали дека ем вршат општествено корисна работа, ем за тоа плаќаат од свој џеб! Но има и поранешни акцијаши кои помагаат со храна и опрема.

Минатата година ова здружение го доби признанието „8 Ноември“ кое и ја додели Општина Штип за исклучителен придонес во негување на традиционалните волонтерски вредности.



Работеа волонтерски на средување
на споменикот „Работникот“ кај „Македонка“,
дело на Парнаџиев



Многу млади се придружуваат
кон волонтерското движење





Пред споменикот на револуцијата



Уредување на просторот пред спомен
обележјето на СРА „Плачковица“



Завршни работи на споменикот кај „Македонка“



Акција на просторот пред
спортската сала „Ј. Мијалков“

Засадување
дрвца
покрај
пешачката
патека




ФЛИПНИ
И УЖИВАЈ
СТОБИ ФЛИПС
40g


Следете нѐ:
KitGomarketi
КУМАНОВО
ПРОБИШТИП
СКОПЈЕ
М. КАМЕНИЦА
ДЕЛЧЕВО
КОЧАНИ
ПЕХЧЕВО
ШТИП
ВЕЛЕС
БЕРОВО
РАДОВИШ
НЕГОТИНО
СТРУМИЦА
КАВАДАРЦИ
ГЕВГЕЛИЈА
КИТ-ГО Маркети
Вкусно
Baron
ТЕРА
Luxy
Donna

Разговор со писателката **Соња Стојменска - Елзесер**

# Мојата инспирација е самата литература

Во овој број на Штипски Глас во серијата текстови посветени на писатели чии дела се наоѓаат во роднокрајното одделени при НУ – Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ нашите соработници, библиотекарите Тодор Цидров и Јован Рилак разговараа со **Соња Стојменска – Елзесер,** есеистка, критичарка и теоретичарка од областа на книжевноста. Таа е докторка по филолошки науки, родена во Штип во 1963 година.



**Соња, кажете ни нешто за Вашето детство. Што сонувавте да бидете како дете?**

Кога бев малечка го имав оној девојчински сон - стереотип, да бидам балерина. А, всушност најуспешно во детството се занимавав со цртање. Имаше една убава манифестација во Скопје кога јас бев дете во градинка. Една улица во центарот на градот во текот на еден ден станувaше подлога за детски цртежи насликани со креди во бои. До денес ја паметам возбудата кога мојот цртеж беше вброен меѓу наградените. Наградата беше една гајба сокчиња. За неколку минути ги поделив сокчињата меѓу децата и соседите од мојата улица.

Ја паметам мојата исклучителна возбуда, која тогаш обединуваше многу различни чувства: бев горда што бев забележана, вреднувана, речиси како возрасна, а истовремено имав потреба да ја споделам радоста, да ги зарадувам и другите околу мене... Впрочем, за мене сите нацртани цртежи беа убави! Во детството немав никаков знак, визија или проблесок за тоа дека мојот живот ќе се поврзе со литературата на нераскинлив начин. Едноставно, растев покрај една прилично богата домашна библиотека која го привлекуваше моето љубопитство и имав можност често да присуствувам на книжевни настани и читања. Мислам дека мојот однос кон литературата во прв миг се оформи преку поезијата, преку редовните настапи на училишните приредби и преку тогаш толку стимулираните и во едукативниот процес изразени „лични творби“. Од најрана возраст ја негувам страста и почитта кон уметничката креативност од секаков вид.

**Во што наоѓате инспирација кога пишувате? Како се одвива вашиот процес на пишување и творење? Што е потешко за писателот, да го напише почетокот на книгата или крајот?**

Мојата инспирација е самата литература. Постојано ја следам литературната продукција, реагирам на новите појави, ги анализирам и систематизирам, изведувам синтези... Целиот текст се пишува со иста тежина, или со иста леснотија, од самиот почеток до крајот. Делото, книгата, без оглед на нејзината жанровска определба и поетички профил, се создава како целина, или евентуално како мозаик од фрагменти, но една поврзувачка нишка која го обединува и насочува процесот на создавањето мора да постои.

**На кои книжевни дела често се враќате? Што читате во моментов?**

Често се навраќам на дела кои имаат значење на своевидни учебници по литература: енциклопедии, хрестоматии, книжевни истории, теоретски студии... Но, и поезијата сакам да ја препочитувам... Во овој момент во исто време ја читам студијата *Птици во аквариум (надреализам 1924-2024)* од Лидија Капушевска - Дракулевска и Влада Урошевиќ, сликовницата на Никола Маџиров *Рокчето* и романот *Живот без сведоци* од Наташа Сарџовска, а веќе подолг период го читам и преведувам романот *На убавата сина Древнице* од чешкиот писател Антонин Бајаја.

**Кога ќе погледнете зад Вас, што сфативте дека е најважно во животот, дали е тоа можеби љубов, здравје или нешто сосема трето?**

Сето тоа е важно. Пред сè, да го сакате и почитувате животот што ви е даден како блесок во универзумот.

**Врз основа на животно и писателско искуство, што би имале да им кажете на помладата генерација писатели кои штотуку тргнуваат на тој пат?**

Писател може да биде само оној кој е читател. Литературата е една волшебна голема игра во која самиот чин на играње (читање и пишување) е најважната придобивка. Играјте без калкулации, не за статус и награди, не за некоја помпа и ефемерни почести (најмалку за пари! - за што верувам дека сте свесни), туку за задоволството во размената на мудрост и убавина, за сопствениот духовен капацитет и исполнетост.



Пишува:
М-р Трајче КАЦАРОВ, писател

# ТЕШКО НА ТЕПАНИОТ ШТО СЕ ЖАЛИ ДЕКА Е ТЕПАН

Мојот животен практикум ме наведува да верувам дека кажаното е кажано, насликаното е насликано, испеаното е испеано, отсвиреното е отсвирено. Тоа како е кажано, како е насликано, отпеано, отсвирено колку што зависи од авторот, толку и од рецепторот. Уметноста, како што и се' друго во социјалниот живот се заснова на испраќање и примање на текстот-пораката. Најдобро поминува адресот кој знаат што му треба на адресантот. Ќе го набљудува со време и оп, ќе види дека му треба тулумба. И во пакет убаво спакувана му испраќаат тулумба. Адресантот се слади. Не случајно народниот гениј ја лиферувал сентенацата „На каква глава таков брич" .

Колку што помнам јас сум примател на текстот-пораката  уште од ситни години. Како адресант имав задача да гласам за адресот. На пример, дедо Трајко ќе застанеше во моја одбрана кога тато ќе ги собереше веѓите, кога ќе му заиграше каишот во рацете. По завршената одбрана бараше да си ја исполнам обврската. На софрата кога ќе требаше да се гласа дали да има бел или црн леб, требаше да гласам за дедо. Дедо сакаше да јаде само црн леб.

Така од адресант се претворав во гласач.

Гласав за нана Блажа и за нејзините верски проповеди. Беше страшно да не се гласа за синиот Божји. Беше страшно зашто нана ми ги кажуваше последиците од непослушноста, од искажувањето недоверба во неговата милост.

Тато најмногу ги сакаше музичките инструменти. Еднаков однос имаше кон лимените како кон жичаните и удиралките. Важно му беше да може да се музицира на нив. Кога ми купи труба, а потоа гитара, бараше постојано да гласам за него. Тато беше финансов министер во семејството. Мојот глас требаше да биде потврда за финансиската криза во семејството.

Мама која секогаш гледаше мојата чинија да биде полна до врвот, односно да имам право на репете, индиректно го бараше мојот глас. Со мојот глас ја потврдував нејзината состојба на робинка. Колку што трошеше од работната сила меѓу машините во предарата, толку трошеше обавувајќи ги семејните обврски-правењето ручек, појадок и вечера за петмина, перењето алишта за петмина во лименото корито на чешмата во дворот, пеглањето, чистењето на трите соби и тремот.

Кога тргнав на училиште гласањето, односно, моето формално изразување доби повисока инстанца. Морав да се потпирам на моето – лично формално изразување, зашто немаше кој друг да го прави тоа за мене. За оние кои имаа вујко владика, гласаше вујкото. Јас морав самиот да се снаоѓам. Морав да доаѓам до умни решенија наместо до паметни. Морав да го употребувам умот наместо паметот. Морав умно да слушам, умно да молчам и умно да говорам. Зашто немаше кој да го прави тоа за мене.

Не ретко умувањето ме заморуваше, т.е. ми стануваше досадно. Ме здосадуваше зашто имав години во кои паметувањето можеше да биде и требаше да биде моја одлука, мој образ и лице.

Така ден за ден, година за година, дојде времето во кое животот може да ти се претвори во пекол, ако не знаеш каде да продаваш памет, а каде ум. Двете нешта, како две лубеници не е можно да се носат под иста подмишка.

Така станав препознатлив по флеките што ги носев на алиштата но, и на душата. Паметувањето ми направи флеки, умувањето ми направи флеки. Останав со завидлакот. Завидувам на секој не паметен, туку умен.

Тоа преку пример би изгледало вака: На некој ќе му ја скршат главата. Крвата ќе му го замаглува погледот, устата ќе му ја полни, а тој со последните сили во себе ќе се смешка и ќе говори дека не е ништо страшно. Што значи умно постапува. Умно постапува зашто скршената глава му носи комфорна фотеља-конфорен живот.

Тешко на тепаниот што се жали дека е тепан!







# Интегрирање на детските градинки во образовниот процес - задача на Министерството за образование и наука

**Пишува:
Роберт Аџипетров**

Образовниот систем без дилема е еден од главните столбови на секое општество и истиот е потребно да одговара на **потребите на поединецот, стопанството и државата**. Детектирањето на талентите уште од најмали години, де факто би овозможило максимизирање на потенцијалот на идните генерации, што води кон подобро општество.

Образованието на најмалите најчесто започнува пред задолжителното основно образование, односно во предучилишно образование. Детските градинки претставуваат системско решение за згрижување на децата од најмала возраст. Кои се придобивките од посета на детска градинка, освен згрижување на децата? Како прво, предучилишното образование овозможува стекнување на основни вештини за учење како броење, распознавање на бои, форми итн. Понатаму следи социјализацијата, преку можноста децата за прв пат да бидат во интеракција со свои врсници, но и возрасни, надвор од кругот на семејството. Минувајќи време надвор од своите семејства овозможува и учење на вештини за самостојно решавање на проблеми и независност, но во исто време и емоцијален развој така што се учат да ги искажат, но и да ги контролираат своите емоции. Изложувањето на децата на средина во која има постојано интерација носи и нов вокабулар, што ги унапредува комуникациските вештини на децата. Се она што е наведено, не води кон **главната придобивка на предучилишното образование, а тоа е припрема за формалното образование**. Детските градинки им овозможуваат на децата да формираат рутина, да ги научат правилата т.е. да знаат што од нив се очекува во основно образование.

Каква е состојбата во Македонија кога зборуваме за предучилишно образование? Колку време му е потребно на нашиот систем за да го детектира талентот?

Одговорите на овие прашања ќе ги побараме во Извештаите на Европската комисија каде што за 2022 година е наведено дека во Македонија само 45% од децата на возраст од 3-6 години се опфатени во предучилишно образование, додека пак во извештајот за 2023 година овој процент изнесува 42%. За споредба, европскиот таргет за 2022 година е поставен на 95% додека пак за 2023 година изнесува 96%. Извештаите покажуваат дека сме на половина од европскиот таргет, а ситуацијата на терен пак покажува уште една алармантна реалност. Податоците кои детските градинки ги имаат за децата, воопшто не ги трансферираат во основните училишта. Главна причина е непостоење на конекција помеѓу овие институции, што значи дека во основно образование, процесот на детектирање на афинитет и работа за понатамошно унапредување на истиот започнува од почеток, со што е изгубена работата од една, две, три или повеќе години, кое 42-45% од децата во Македонија го минуваат во градинка.

Кое би било решението на оваа фрустрирачка ситуација? Проблемот лежи пред се во системската бариера која постои помеѓу детските градинки и училиштата. Локалната власт има надлежности во работата на овие институции, но на централно ниво за основните училишта одговорно е Министерството за образование и наука, додека пак за детските градинки е Министерството за труд и социјална политика. Доколку ги погледнеме соседите, па и поголемиот број на европски држави, предучилишното образование воглавно секаде е дел од Министерството за образование. **Во оваа насока, доколку сакаме системско решение, но и придвижување кон европските таргети, што е и наша основна цел, потребно е да ги отстраниме бариерите, овозможувајќи секој дел од сложувалката наречена образование меѓусебно да се надополнува, создавајќи синергија, што носи и подобри резултати.** За да ги искористиме талентите, со кои несомнено располагаме, предучилишното образование час побргу треба да се интегрира во образовниот процес, под „капата" на Министерството за образование. Потоа следи изградба на мрежа, која би ги вклучила детските градинки, основните и средните училишта со што би се создала една база на податоци, која би овозможила брзо и лесно детектирање на афинитетите и способностите на децата и проток на податоци за унапредување на истите. Правилно поставениот систем овозможува соодветни услови за натпревар со европските земји, што пак носи подобра иднина за Македонија.

***За да ги искористиме талентите, со кои несомнено располагаме, предучилишното образование час побргу треба да се интегрира во образовниот процес, под „капата" на Министерството за образование.***

**(Авторот е раководител на Одделението за образование при Општина Штип)**

# Велигденскиот концерт на Музичкото училиште „потпопен“ од евергрини и емоции





Секој концерт кој  ни го приредува Музичкото училиште „Сергеј Михајлов“ е настан кој долго се памети. Тоа е случај и со традициопналниот Велигденски концерт одржан во Домот на млади. Иако цело време додека траеше концертот истураше силен дожд никој од околу 400 посетители не го напушти настанот.

Концертот кој беше под диригентство на професорката Славица Деспотова беше посветен на македонските евергрини. Музика привлечна колку за постарите толку и за помладите генерации. Од Музичкото училиште упатија благодарност до Видан Лазарев, директорот на Домот на млади за одличната организација.

Водејќи се од изреката „една слика-илјада зборови“ во прилог ви донесуваме повеќе фотографии од спектакуларниот настан во режија и изведба на учениците и професорите.







# Комично и актуелно со „Веселинови“

Хумористично-сатиричната претстава „Веселинови“, авторски проект на Трајче Кацаров премиерно беше прикажана во малата сала на Домот на култура „Ацо Шопов“. Поради големиот интерес наредниот ден по премиерата беше и првата реприза.

Актерите Оле Поцкова и Игор Стојанов-Баркли, познатите јунаци од „Зевзекманија“ ги играа улогите на Весела и Веселко, а десетгодишната Нела Гегова го игра детето. Текстот на Кацаров е како во нашите битови драми-„Печалбари“ „Ленче Кумановче“ „Парите се отепувачка“ .

Дејствието се гради врз домашен кофликт. Нашата социјална средина, културата на живеењето, се разликува од другите во светот, па антагонизмот меѓу брачните другари е одлика на различието. Печалбарството е брашно во крвта на нашиот народ. Се уште црковните камбани се гласници на арното и лошото во животот на нашиот човек.



О. Цацков

Весела, женскиот лик во претставата, вели: „Откако децата ни отидоа во странство само црковните камбани се слушаат во нашава куќа!“ Нашиот народ е Хомо политикус до коска. Како кое дете ќе проговори така му одредуваат политичка кариера. Нашиот народ живее во вечен страв. Се чувствува како сугаре опколено од гладни волци. Ете оттаму се влечени нитките за да се исткае аверсот и реверсот на семејството Веселинови.



Игор, Нела, Оле

„Веселинова“ ќе се игра и во Радовиш, Неготино, Кочани и во други градови, а ќе биде и дел од познатиот фестивал на хумрото и сатирата „Ин Виница Веритас“ во Виница.

„Весела и Веселко не се надвор од аглите и замките што ги поставува семејниот живот. Повеќе се противречни отколку категорични. Се плашат како деца и си играат како деца. Не ретко тонат во проблеми што извираат од плитките џепови, оддалеченоста од децата, од ноктите на државните грабливци. Плачливи се и тврдокорни. Напати се мили, напати се неподносливи. И во двата случаи се интересни“, вели авторот Кацаров кој е и режисер на претставата.

# Објавена збирка песни и раскази на Душко Цацков напишани пред 70 години

Збирка необјавени песни и раскази на проф.д-р Душко Цацков, културен деец, универзитетски професор и општествено политички работник, постхумно се објавени и промовирани во текот на месец мај.

„Се работи за до сега необјавени дела на Душко Цацков создавани во текот на неговите училишни денови некаде помеѓу 1949 и 1955 година. Анализирајќи и идентификувајќи ги темите и мотивите застапени во овие негови дела, како и неговиот книжевен стил, ги откриваме оние елементи кои и подоцна ќе ја обликуваат неговата литература не само од аспект на морфологијата туку и во поглед на креативната уметничка имагинација, онаа водечка животна филозофија која продолжува во неговото севкупно творештво“, рече промоторот проф.д-р Оливер Цацков.



На промоцијата присуствуваше бројна публика, а промоторот уште кажа дека се работи за дело на автор чија што имагинативна подлога уште од најрана негова возраст е зaнована врз целосно оформен систем на вредности, верувања и претпоставки.

**Писателот Киро Донев со карикатура и текст му се заблагодари на д-р Александар Мишев, за успешната операција на окото:**


* * *
Конечно, Докторе,
Ти го сфатив „штосот",
еве, почнав да гледам-
и подалеку од носот!!!
* * * К.Д.






# Штип доби клуб во пеливанско борење, го носи името „Дејан Митров“

Иво Македонија пеливанското борење зема замав. По Скопје и Велес кои имаат регистрирани клубови во овој вид борење, и во Штип е формиран таков клуб, а иницијатор е познатиот спортист, борачот Дејан  Митров. На барање на членовите клубот го доби името токму на овој штипски и македонски истакнат спортист во чии витрини стојат мноштво медали од разни домашни и меѓународни натпревари.

„Идејата е моја бидејќи јас петнаесеттина години се бавам и со пеливанското борење во кое имам остварено одлични резултати, а повеќе пати сум избиран и прогласуван за првак на Македонија“, ни рече Митров, кој досега има настапувано на голем број домашни и меѓународни натпревари во овој атрактивен спорт.

Нашиот соговорник вели дека главен спонзор на пеливанското борење во нашата држава е фондацијата Заеви, а во нашиот град помошта пристигнала од првиот човек на Штип, градоначалникот Иван Јорданов.



Митров (средина) на неговото природно место-победник

Пеливанството е спорт на отворено. Големите настани се одржуваат главно на стадиони и (или) на фудбалски игралишта, а неретко и на ливади. Во нашиот крај најпознат е меѓународниот турнир кој се организира во село Тополница, радовишко, во близина на рудникот „Бучим“. Овој турнир се одржува на почетокот од месец август, на ливада и привлекува илјадници гледачи.



Со ќеркичката Миа која има 7 години и која на Меѓународен натпревар во балет во Париз неодамна освои второт место

***Клубот „Дејан Митров“ е пријавен и регистриран во Агенцијата за млади и спорт. На самиот почеток во него се зачленија над 30 млади, меѓу кои има и активни борачи како што се Штерјов, Ѓоргиев, Димитров...Можно е големи спектакли да гледаме на Градскиот стадион зашто пеливанството е спорт на отворено.***

„Пеливанството е мошне интересен, атрактивен и привлечен спорт. Во повеќе држави, кога некои семејства прават големи свечености како свадби и слично, во деновите на веселбата се одржуваат и пеливански борби, а тоа најчесто е во ден недела. Притоа победникот е богато наградуван“, укажува Дејан.

Клубот „Дејан Митров“ е пријавен во Агенцијата за спорт и млади. Во нашиот град интересот за овој вид борење, според Митров, станал прилично голем. Во моментов во клубот се зачленети над триесеттина млади кои биле привлечени од овој спорт, а иницијаторот вели дека тој број многу бргу ќе порасне и дека Штип ќе биде горд на неговите остварувања.

Пеливанско борење во Штип нема никаква традиција,  Но, со формирањето на клубот „Дејан Митров“ ќе се организираат и меѓународни натпревари на места и локации погодни за пеливанското борење. Според Митров, можно е големи пеливански борби да гледаме и на Градскиот стадион.

„Борачите настапуваат во традицони кожени панталони наречени каспети. Мачкање на телото на борачот со масло го прави специфично борењето, ги отежнува зафатите и поради тоа овој спорт е тежок. Честопати пеливаните се борат на сонце и на температура од 40 степени, што е исцрпувачко. Инаку, по крајот на борбата победникот, со капа во рака, прави победнички круг покрај публиката која парично го наградува. Тоа е ритуал составен дел на овој вид борење“, појаснува Митров.

Инаку, меѓу членовите на клубот има и актуелните борач како Стефан Штерјов, Тоше Горгиев, Дарио Димитров кои сакаат да се опробат и во пеливанството.

# ТР-МР




Размислува: Iv. BOJ

На Евровизија се случи сензација.
Гол пејач настапи на сцената.
Кај нас сите сме голи и боси
и сите си пееме,
а тоа за никого не е сензација!

.......................................................................

Македонија имаше
седуммина кандидати за претседател.
Требаше да ги избереме сите.
Каква е нашата ситуација и седуммина
тешко дека ќе не оправат.

.......................................................................

Кај нас многумина имаат некое школо.
За образование баш и не сум сигурен.

.......................................................................

Кога некој ќе ви рече
„Ќе бидам искрен со тебе“
ич не му верувајте,
Ако е искрен човек, зашто да е
искрен само со тебе?

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | | | | | 5 | | | |
| | 7 | | 9 | | | | 4 | |
| | | 9 | | 7 | 8 | 3 | 2 | 5 |
| 3 | | 1 | | 9 | | | 5 | |
| | | 6 | | | | 1 | | |
| | 9 | | | 3 | | 6 | | 2 |
| 2 | 8 | 3 | 6 | 5 | | 7 | | |
| | 1 | | | | 2 | | 8 | |
| | | | 1 | | | | | 9 |





## ИМПРЕСУМ

Издавач: Медиум Боја 43 – Штип
Седиште на фирмата и адреса на редакцијата:
Ул. „Тошо Арсов“ бр. 23 – 2000 Штип

Одговорно лице: Иван Бојаџиски

Излегува еднаш месечно
Првиот број излезе во месец април,
2009 година
Главен и одговорен уредник:
Иван Бојаџиски 078/375582

Графички уредник:
Јорданчо Бојаџиски, 078/473094

Овој број е отпечатен на 27.05.2024 година
Тираж: 1.000 примероци

Ж-ка: 290000002136767
Едб:4029019522191
Т.Т.К. банка А.Д. Скопје
Годишна претплата: 180 денари.

Печати: Европа 92-Кочани,
ул. „Крижевска“ бр. 52

За Штипски глас
се плаќа повластена даночна стапка од 5%

ISSN 2545-4498
Непотпишаните текстови се на Иван Бојаџиски

совет за етика во медиумите на македонија

Нашата редакција е членка на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), со што целосно се залагаме за почитување на етиката и професионалните стандарди во известувањето. СЕММ е тело за саморегулација во медиумите и е орган што ги разгледува и одлучува по жалбите во однос на известувањето на медиумите.




| Ш.Г. | Наш писател Ванчо | Лутина жестокост (лат) | Италиј. сликар | Франц. весник | Артистка Улман | Шпанија | Вид силен ветар |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ресенско село | | | | | | | |
| Езеро во Финска | | | | | | Италија / Босан. писател Исак | |
| Град во Русија | | | | | | | |
| Артист Шариф | | | | | Алуминиум / Кратенка за наша армија | | |
| Вид спорт | | | | Река во Индија | | | |
| Игла за микробиолошко испитување | | | | М. име Роналдо / На друг начин | | | |

| Ш.Г. | Амер. артистка | Холанд. фудбалер Марк | Германска пејачка | Брука резил | Катран | Ортомки (арх.) / Езеро во Финска | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Кошаркар на фотосот** | | | | | | | | | | | Кислород / Вид занаетчија | | Адријана Алачки |
| Потврда | | | | | | | | | Ориен. слатка / Стара исландска поезија | | | | |
| Словачки политичар Јозеф | | | | | | | Мексик. пијалок / Пејач Орбисон | | | | | | |
| Килими | | | | | Отис Рединг / Шамии | | | Мисли, зборови (дијал) / Драма од Б.Шо | | | | | Хемиски елемент |
| Еди Марфи | | | Мерка за ел отпор / Инструменталист | | | Стара мерка за тежина / Фудбал. Михајлович | | | | Света (тур) / Меѓуна. боречка федерац. | | | |
| Артистка Кински | | | | | | | | | Голем страв / Исти вокали | | | | |
| Луѓе кои продаваат дрва | | | | | | | Река во Лаос / Старо име на Виетнам | | | | Франц. боксер Бернар | Тон / Тенисерка Новотна | |
| Работнички спортски игри | | | | Област во Мала Азија / Хрв.нафт. индустрија | | | | | | | | | |
| Јод | | Град во Италија / Пет Рајли | | | | | | | | Папски годишен приход / Конак | | | |
| Збирка стари индиски текстови | | | | | | | | | | | Град во Грузија / Германија | | |
| Стакло (разг) | | | | | Додаток на законот | | | | | | | | |

GREEN GARDEN
RESIDENTIAL COMPLEX

СОВРЕМЕН И КВАЛИТЕТЕН НАЧИН НА ДОМУВАЊЕ

*по најповолни цени...*



НОВ СТАНБЕН КОМПЛЕКС ВО ШТИП

070 22 22 07
070 24 24 22

www.aktivagreengarden.mk
info@aktivagreengarden.mk

- ВИСОКО КВАЛИТЕТНА ГРАДБА
- ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ А КЛАСА
- СОПСТВЕНО ЦЕНТРАЛНО ГРЕЕЊЕ
- ГАСНА ИНСТАЛАЦИЈА ЗА СЕКОЈ СТАН
- ОБЕЗБЕДЕН ПАРКИНГ ПРОСТОР
- ЦЕНТРАЛЕН ПАРК СО ВОДЕНИ ПОВРШИНИ

AKTIVA